# „Примерот на оној што се дружи со Куранот е како примерот на сопственикот на врзани камили: ако се грижи за нив – ќе останат со него; но ако ги пушти – ќе се разбегаат.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Примерот на оној што се дружи со Куранот е како примерот на сопственикот на врзани камили: ако се грижи за нив – ќе останат со него; но ако ги пушти – ќе се разбегаат.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го споредил оној што учи и рецитира Куран – било од мусхаф или напамет – со човек што чува врзани камили. Ако постојано се грижи за нив и ги проверува, ќе останат кај него; но ако ги запостави и ги пушти – ќе се разбегаат. Исто така, оној што го учи Куранот – кога редовно го чита, го задржува во сеќавањето; но ако го напушти – ќе го заборави. Сè додека има постојано повторување, ќе има и хифз.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee